ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-222/14**

**Дата:** 05.08.2013

## ДО
## ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО
## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР


### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово на депозитната сметка (696) за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност.
Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово за 2007 година, каде изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Куманово делумно презел мерки за дадените препораки.

За финансиските извештаи на Основен суд Куманово за 2012 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба и за билансот на приходи и расходи и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизијата констатирани се состојби кои упатуваат дека во Основен суд Куманово постои:
- невоспоставена евиденција на депозитите согласно пропишаните обрасци, заради обезбедување на податоци за потврдување на состојбата и движењата на депозитните средства,
- отсуство на надзор врз целокупното материјално и финансиското работење со средствата на депозитите,
- недостаток од сметководствена евиденција и преземени мерки за зачувување на вредноста на одземените парични средства.

Утврдените состојби влијаат на реалното и објективно прикажување на позициите парични средства, активни временски разграничувања и обврски во биланс на состојба и приходите во билансот на приходи и расходи.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-222/7 од 13.06.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 8 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на депозитната сметка (696) на Основен суд Куманово, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на Основен суд Куманово и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Сефер Мехмети, Претседател на Основен суд Куманово од 25.06.2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

доказ за тоа дали приходите и трошоците на Основен суд Куманово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на

финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 19/04/2011 до 30/04/2013 година од тим на Државниот завод за.

## 3. Осврт на ревизијата за 2007 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2007 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Куманово делумно презел мерки за дадените препораки (Преглед III).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основен суд Куманово– предмет на ревизија, одржан на ден 16 мај 2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-222/5 од 13.06.2013 година.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата утврди почетно салдо на 01.01.2012 година во износ од 4.037 илјади денари и состојба на средствата на депозитите на крајот на годината, односно салдо на 31.12.2012 година во износ од 3.389 илјади денари. Притоа ревизијата утврди дека во Основен суд Куманово не е воспоставена евиденција на депозитите на начинот предвиден во делот петти од Судскиот деловник, од причина што не се преземени активности за:
- водење дневник на повремени и редовни депозити (Образец бр.5);
- изготвување извештај за состојбата на депозитот (Образец бр. 153) од страна на овластениот работник кој го води книговодството на депозитите;
- изготвување картон за состојбата на депозитот во соодветниот предмет (Образец бр. 154);
- водење на Образецот бр.155, заради следење на состојбата на депозитот на крајот од годината;
- изготвување на Биланс на средствата на депозитите (Образец бр.156);
-формирање комисија од три члена за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите за претходната година;

- изготвување на писмен извештај - Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка на судот;
- вршење надзор врз целокупното материјално и финансиското работење со средствата на депозитите од страна на претседателот на судот.

Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Судскиот деловник дел петти, што придонесува Основниот суд Куманово да не располага со податоци за потврдување на состојбата, движењата на депозитните средства и нивното законско и наменско користење. Неспроведениот надзор претставува ризик од ненавремено откривање на недостатоци и неправилности и соодветно постапување по депозитите.

На ден 27.05.2013 година по одржувањето на завршниот состанок вршителот на должност претседател на Основниот суд Куманово до ревизијата достави податоци за воспоставената евиденција на дел од погоренаведените обрасци во текот на 2013 година.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки за продолжување на превземените активности за воспоставување на потребните евиденции и обезбедување на континуиран надзор врз целокупното материјално и финансиското работење на депозитните средства.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Со извршениот увид во Пописот на валутната готовина со состојба на 31.12.2012 година, изготвен од страна на Комисијата за попис на готовината во благајната, и „Извештајот за извршениот попис“, вклучувајќи и ревизија на документацијата за одземени предмети, предмети употребени или наменети за извршување на кривично дело или што настанале со извршување на кривично дело или се добиени како награда за кривично дело, кои ќе послужат како доказ во кривичната постапката, или се пронајдени кај обвинетиот и не се знае на кого припаѓаат ревизијата го утврди следното:

- состојбата на валутната готовина на ден 31.12.2012, утврдена од Пописната комисија (239 евра, 270 американски долари, 50 швајцарски франци, 780 денари, 83.380 толари, 1.859.000 италијански лири, 4.200 форинти, 2.557.000 романски леи и 415 куни), не е искажана во „Извештајот за извршениот попис“, не се доставени на чување кај надлежниот орган и не се преземени мерки за нејзино сметководствено евидентирање. Утврдената состојба не е во согласност со член 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членовите 254 и 343 од Судскиот деловник и

влијае врз реалното и објективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

- за дел од валутната готовина од минати години (83.380 толари, 1.859.000 италијански лири и 2.557.000 романски леи), а за кои не постои можност точно да се утврди од кој период потекнуваат, Судот нема преземено мерки за нивно навремено и соодветно конвертирање во друга конвертибилна валута, пред истекот на рокот на нивната важност, поради што истите се обезвреднети. Ваквиот начин на постапување со средствата не е во согласност со член 254 и одредбите од дел Петти од Судскиот деловник и може да има влијание врз билансните позиции во финасиските извештаи на субјектот.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да го задолжи одговорното лице кое ги води деловните книги да преземе мерки за:

- воведување на погоренаведените средства во сметководствената евиденција,

-обезбедување континуирано, навремено и хронолошко евидентирање на настанатите трасакции во деловните книги и

-доследна примена на одредбите од Судскиот деловник и Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, кои се однесуваат на ракувањето со одземените предмети.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1.1. и 4.2.1. е отсуство на податоци за потврдување на состојбата, движењата на депозитните средства и нивното законско и наменско користење и невоспоставена сметководствена евиденција на одземени парични средства, чие влијание се одразува врз позициите парични средства и приходи, активни временски разграничувања и обврски како и врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење – за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2.1. , финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Куманово на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1.1., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Куманово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Нагласување на прашања на неизвесност**

Ревизијата смета дека потребно е да се обелоденат неколку состојби кои според својата материјалност претставуваат важни позиции во финансиските извештаи на Судот :

Во текот на ревизијата од страна на Основен суд Куманово прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои не предизвикаа промени на активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба. При тоа презентирани е налог за книжење број 0002 од 01.01.2013 година со кој е извршено намалување на сметката Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции за износ од 3.389 илјади денари и зголемување на сметката за Активните временски разграничувања за истиот износ, а се однесува на примени средства на депозитната сметка на судот (696) за одредена цел, кои заклучно со 31.12.2012 година не се раздолжени.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 6,556 | 5,828 |
| Трансфери и донации | 4,037 | 3,635 |
| **Вкупно приходи** | **10,593** | **9,463** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 7,204 | 5,425 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,204** | **5,425** |
| **Вкупно расходи** | **7,204** | **5,425** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3,389** | **4,038** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3,389** | **4,038** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 3,389 | 4,037 |
| Активни временски разграничувања | 3,389 | 4,037 |
| **Вкупно тековни средства** | **6,778** | **8,074** |
| **Вкупна актива** | **6,778** | **8,074** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 3,389 | 4,037 |
| Пасивни временски разграничувања | 3,389 | 4,037 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6,778** | **8,074** |
| **Вкупна пасива** | **6,778** | **8,074** |